FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ПУБЛИКАЦИЈА

# 15 ГОДИНИ РАБОТА НА

# ЗДРУЖЕНИЕ НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР

ДЕКЕМВРИ 2020

ПУБЛИКАЦИЈА

# 15 ГОДИНИ РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕ НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР

ДЕКЕМВРИ 2020

Издавач:

**НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР**

Ул „Доне Божинов“ 11/5,
1300 Куманово, Македонија
Тел: +389 31 427 558
E-mail: info@nationalromacentrum.org
Website: www.nationalromacentrum.org

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Публикацијата е подготвена со финансиска поддршка на Фондација Отворено општество - Македонија.

Содржината е единствена одговорност на авторите и грантистот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација Отворено општество - Македонија.

# Содржина


4 Што направи НРЦ за нас

8 Воведен збор од извршен директор

9 Обраќање на претседател на Управен одбор

10 Рекоа за нас

14 Нашите успеси

15 Дали знаевте дека со помош на НРЦ

18 Здравствена заштита и права на жени

20 Давање на услуги

20 Пристап до правда и владеење на право

22 Адекватно домување и урбанизација

23 Доживотно учење и неформално образование и социјално претпрприемништво

24 Застапување

24 Градење на капацитети на граѓански организации

25 Како започнавме

28 Визија мисија вредности и стратешки определби

30 Ова сме ние

32 Профили на вработените



# „ШТО НАПРАВИ

# Лични сведоштва

**Сахмир Калаба од  Куманово**

Сахмир има 24 години и е син, сопруг и татко на 4 деца. Работи со сè што ќе најде- собира пластични шишиња, цепи дрва, што и да му донесе заработка за да го прехрани семејството. За НРЦ слушнал од луѓето околу него, и им се обратил затоа што немал никаква документација за лична идентификација.

***„ Јас не знаев што треба да правам, но тие ми помогна да се завршат многу работи – направија днк анализа, земаа крв од мене и мајка ми за да докажат крвно сродство. Добив извод од книга на родени, но сеуште немам матичен број. Процесот е долг и долго трае, ја сеуште сум без државјанство, но со нивна помош знам дека ќе успеам“ сведочи Сахмир.***



# НРЦ ЗА НАС?”

**Демир Идовски, Куманово**

Демир Идовски е 72-годишен вдовец кој живее сам во неговиот дом во населба Средорек во Куманово. Во населбата има околу 600 куќи каде што живеат негови долгогодишни соседи и пријатели од кои прв пат дознал за НРЦ пред десетина години. Демир е презадоволен од сета помош и поддршка што ја добива од НРЦ. Тој е неписмен и токму поради тоа, кога и да треба да пополни некој формулар – знае дека во НРЦ нема да биде одбиен.

Пред околу девет месеци дознал од неговите соседи дека сите што имаат навршено 65 години а немаат други примања, имаат право на социјална сигурност за стари лица.

***„Јас не знаев за тоа“, вели Демир, „ама бргу се расчу низ цело Куманово. Секаде имаше гужва. Отидов во социјално да прашам дали ми следува. Ми побараа лична карта и ми рекоа да поднесам документи. Отидов во НРЦ. Тие ми ги пополнија и по 5-6 месеци ми беа исплатени парите. Да не беа НРЦ, не знам што ќе правев.“***

Со помошта од 5.900 ден. месечно, Демир успева да ги купи потребните лекарства, како и да ги набави основните прехранбени продукти. „Јас сум стар, болен човек. Други примања немам. Овие пари се малку се, но без нив ќе беше многу полошо“ – додава Демир. За вработените во НРЦ Демир има само пофални зборови.

***„Сите се добри. Не можам да издвојам ниту еден.   Сите се многу пријатни. Кога и да отидам кај нив ми велат седни чичко Демир, не стој. Ние се ќе направиме. Се ќе биде!“***

# Лични сведоштва

## Наџије Османова од Штип

Наџије Османова е 60-годишна жителка на Штип. Таа живее заедно со синот, снаата и внучињата. Пред околу четири години дознала за НРЦ и поддршката што НРЦ ја овозможува околу легализација на дивоградби. Откако стапила во контакт со НРЦ, вработените на НРЦ несебично и помогнале да ги комплетира сите потребни документи кои потоа уредно ги доставиле до надлежните органи.

***„Доаѓаа кај нас дома млади луѓе од Куманово. Беа многу чесни и многу добро работеа. Тие ги подготвија сите документи. Многу долго траеше постапката, но на крај успеавме – со нивна помош ја вратив со приватизација куќата во центарот на Штип . Без нив не ќе можев да ја легализирам куќата“ – задоволно изјавува Наџије.  „НРЦ ми помогна да си го остварам сонот“ – искрено вели Ениса. „Прекрасни луѓе се. Целосно се посветени на нивната работа“.***

Иако, како што вели Ениса, сиот товар паѓа врз нејзе – и грижата за семејството и работата - таа е детерминирана да продолжи да го остварува сонот преку претстојните планови за шиење на работни униформи, платнени торби и чаршафи.

***„Навистина сум многу задоволна од соработката со НРЦ и таа ќе продолжи и понатаму“***



## Чидем Идиќ од Кочани

„Со помош на НРЦ, отворивме сопствен семеен бизнис“ - сведочи Чидем Идиќ од Кочани, 28 годишна мајка на три деца. Активноста која се занимавала семејството – производство на јажиња за најразлични употреби, како што се оглави за крави, магариња и друг добиток, но и бродски јажиња и јажиња за декорација со помош на НРЦ добива формално правен лик.

***„НРЦ ги знаевме од порано. Тие ни купија најлони и други материјали за работа, а ни дадоа и административна поддршка и знаење за тоа што е потребно за да се регистрира бизнисот“. „Иако во моментов работата оди слабо, благодарни сме им на НРЦ за сè што направија за мене и моето семејство“ - вели Чидем.***

Во Кичево, во соработка со локалната граѓанска организација Бела Кула, НРЦ им овозможува обука на  младите Роми кои добиваат сертифицирани дипломи за фризери и шивачи. Сега тие активно заработуваат во приватниот сектор - фризерите работат во фризерски салони и самостојно, дел од кројачите се вработиле во приватни компании,  а некои од нив исто така работат самостојно и учествуваат во социјалното претпријатие на Бела Кула.



## Ениса Хусоска од Кичево

Ениса е мајка на три деца од Кичево. Таа работи на рачна машина во фабрика за автомобили, а хоби и е шиењето. За НРЦ прв пат дознала пред околу 3 години преку невладината организација Бела кула – грантист на НРЦ. Соработката на Ениса со НРЦ започнува преку учество на првата средба организирана со претставничките на НРЦ Каце и Цаци, а резултира со нејзино учество на курс за шиење. По успешно завршување на курсот, Ениса од НРЦ добива и материјали, а и машина за шиење што и овозможува да шие чаршафи и јастучници од висок квалитет. Со средствата добиени преку продажбата, Ениса набавува нови материјали, вклучувајќи и игли и конци. Во меѓувреме, со несебична поддршка на НРЦ, Ениса успева да го заврши основното образование што потоа и овозможува да се вработи во фабриката за автомобили и да остварува дополнителен приход за семејството.

***„НРЦ ми помогна да си го остварам сонот“ – искрено вели Ениса. „Прекрасни луѓе се. Целосно се посветени на нивната работа“.***

Иако, како што вели Ениса, сиот товар паѓа врз нејзе – и грижата за семејството и работата - таа е детерминирана да продолжи да го остварува сонот преку претстојните планови за шиење на работни униформи, платнени торби и чаршафи.

***„Навистина сум многу задоволна од соработката со НРЦ и таа ќе продолжи и понатаму затоа што НРЦ им овозможува на жените Ромки да се образуваат, да ги градат своите капацитети. НРЦ им помага на жените Ромки да со сменат менталитетот, да сфатат дека тие можат многу повеќе од работењето во домот. НРЦ им помага на жените да се изградат како личности и да се истакнат во тоа што го работат“.***

# ВОВЕДЕН ЗБОР ОД ИЗВРШНИОТ ДИРЕКТОР НА НРЦ

Почитувани граѓани – иматели на права, членови на здружениeто,членови на извршниот одбор, колеги, поддржувачи, донатории пријатели на НРЦ

Од рано дество имав сон да имам пријатели, да им помагам на луѓето, да другарувам, да патувам во разни земји , да се стекнам со нови знаења. Првата можност за тоа ја добив како вработен во младинската редакција на градското радио и весник во Куманово, во времето на поранешна Југославија, што само дополнително го потхрани мојот ентузијазам. Во 1997 год. добив нова можност преку програмата на Фондацијата Отворено Општество на Македонија, со што активно се вклучив во граѓанското движење во земјава, регионот и Европа, а мојот фокус беше да се залагам за Ромите и нивните права. Тука влегуваше правната, хуманитарна и , едукативна помош за бегалската криза, вклучување на ромските деца во редовно образование, развивање на меѓуетничкиот соживот кај граѓаните и подобрување на политиките за Ромите од страна на владата..

Вистинското остварување на мојот сон дојде со иницијативата од средина на 2005 година, кога со колегите истомисленици - Славица, Себихана, Ќани и Љато донесовме одлука да регистрираме здружение со име „ Национален Ромски Центар“, здружение кое стана наш душевен инструмент. Работевме на информирање, регистрирање и остварување на правата на граѓаните во Куманово но и на национално и на меѓународно ниво.

Успешно соочувајќи се со низа предизвици, НРЦ успеа да прерасне во активен, препознатлив, влијателен субјект во државава кој се залага за владеење на правото во полза на сите без оглед на националната, верска и полова припадност, и јас очекувам и во иднина да ја задржиме оваа позиција.

Пандемијата во светски рамки направи промени во континуитет на нашето развивање. Сепак, со заеднички заложби на колегите од граѓанското општество, во соработка со релевантните институции донаторите и меѓународните фактори се надевам дека ќ еуспееме да го надминеме и ова премрежје и ќе предложиме да им помагаме на граѓаните во остварување на нивните човекови права и обезбедување на достоинствено секојдневие.

Очекувам дека нашиот 15 годишен јубилеј на дејствување, работење и промоција на човекови права, со стратешка програма ќе биде патоказ и инструмент кон подобра иднина за следните 5 години.

Горд сум на тимот, на извршниот одбор, на членовите на ЗНРЦ без кои немаше да можеме да ги постигнеме досегашните резултати, и без кои не би можеле да се стремиме кон повеќе решени правни случаи, регистрирања на лице со идентитет , легализирање на ромски домови во Македонија.

Продолжуваме одговорно понатаму, остранувајќи доследни на нашата обврска за видливост, транспарентност, отчетност и одговорност.

***Со благодарност,***
***Девлеса***
***Ашмет Елезовски***
***Извршен Директор***

# ОБРАЌАЊЕ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УО

Според неговите зборови Ашмет Елезовски ги забележува меѓу неговите омилени достигнувања на НРЦ со текот на годините 1.500 легализирани ромски домови во Куманово што нашата организација помогна да се документира. Персоналот и членовите на одборот забележуваат многу повеќе односно потсетуваат на бесплатната правна помош на илјадници Роми низ шест града и на партнерствата со македонската адвокатска комора и американската адвокатска комора, истражувањето за репродуктивните права и други проблеми и многу други проекти.

Горд сум што организацијата им обезбеди на жените обука за претприемништво и за соработка со креаторите на политики, застапување на нивните заедници и застапување.

НРЦ долго време одржува рамнотежа и на: а) практична помош за Ромите во Куманово и неколку други градови и б) застапување во Куманово, на национално ниво и на форумите за европска политика. НРЦ препорача промени во политиките спроведени на локално и национално ниво и придонесе за важни меѓународни документи.

Се гордеам со работата на НРЦ кога ќе се свртам кон делот од овој извештај со наслов Што направи НРЦ за нас и делот со наслов Што велат тие за нас.

Најмногу од сè, горд сум што, како член на одбор на оваа долгогодишна организација, сум дел од тим кој вклучува широк спектар на експертиза и таленти. Персоналот и волонтерите се Роми и од други етникуми. Меѓу нашиот тим има адвокати, лингвисти, писатели и други. Од 1997 година, ми претставуваше огромно задоволство да ги посетувам Куманово и Р.С Македонија повеќе пати, и да ги посетувам ромските заедници каде што работат и работат волонтери и вработени во НРЦ. Ги видов промените и надежта што организацијата ја поттикнува. Членовите и партнерите на организацијата продолжуваат да докажуваат што можат да постигнат Ромите и што, кога на сите етникуми им се даваат еднакви можности и достоинство, што цела Македонија може да постигне. Продолжувам да се инспирирам од оваа организација и луѓето што ги зближува.

Го поздравувам читателот да разговара со кој било одбор или член на персоналот за начините за поврзување и партнерство со НРЦ и со заедниците каде што работиме

# Рекоа за нас...

*„ Квалитетот, посветеноста и подготвеноста за поддршка на заедницата се одлики  на НРЦ и нејзиниот персонал “.*



**Васка Бајрамовска Мустафа,**
**заменик народен правобранител**

*„НРЦ е вистински центар каде Ромите од Куманово и пошироко можат да бараат решение за своите многубројни проблеми и да бидат помогнати во остварување на социјалните, здравствените, образовните и правата за домување. Вработените во НРЦ се највредната алка  во успешната работа  на оваа организација во текот на изминатите 15 години“*

**Нафи Сарачини,**
**Контакт  лице на Ромите во**
**Делегацијата на Европската Унија**



*„НРЦ е многу релевантна организација која има моќ позитивно да ја смени иднината на луѓето. Вработените во НРЦ се професионални и посветени на тоа да испорачаат навремени резултати на трошковно-ефективен начин“.*



**изјава од Анели Леина**
**We Effect**



*Во нашата соработка со НРЦ особено се истакнува посветеноста на раководителите за правна програма и финансии. Понекогаш не знаеме ни како успеваат, но исклучително се одлични во сè.*

**- изјава од интервјуирано лице претставик на донаторска институција**

## Рекоа за нас...

*„НРЦ ме научи на сè. Ја поддржаа нашата организација со тоа што финансиски ни овозможија да ангажираме лица на повеќе проекти. Со нас споделуваат корисни информации - известувања за повици за проекти и грантови, а во голема мера помогнаа и во зајакнување на нашите лични капацитети. Јас лично, си ја зголемив самодовербата и кредибилитетот“.*

**Вработена во партнерска организација**

*„Финансиското работење ги задоволува добро развиените, дури и малку комплексни финансиски системи на повеќето донатори“.*

*– изјава од интервјуирано лице претставник на донаторска институција*

*НРЦ е стратешки насочен постојано да расте за да може уште поуспешно да служи на заедниците кои на маргините на општеството се соочуваат со социјални, економски и правни предизвици, културна изолација и исклученост. Една од карактеристиките кои ги одвојува НРЦ и неговите вработени од другите слични органзации е отвореноста и кон оние на кои им служат и кон својот развој и напредок. Како ретко која ГО, НРЦ е пример за тоа како со искрена желба и посветеност, знаење и со особена настојчивост, може сериозно да се придонесува во развојот на ромската и другите социјално маргинализирани заедници.*

**изјава од Славица Инџевска, Фондација Отворено општество - Македнија**

## Рекоа за нас...

# ИНТЕРВЈУ СО ЏОАН КОМОЛАФЕ



- ***Кажи ми нешто за тебе.***

Јас се викам Џоан Комолафе. Имам 23 години и сум од Њујорк. Јас сум студент на Правни студии на Универзитетот во Тулане, : меѓународни односи. Јас работам волонтерска работа во здружението Национален ромски центар.

- ***Која е вашата улога во организацијата што ја претставувате?***

Мојата улога во организацијата вклучува:

Управување со дизајнот на проектот и финализирање на буџетот за Проектот за пристап до здравјето: Овој проект беше во износ од 55 илјади евра и траеше 18 месеци.

Помагање при уредување и работење на буџетот на организацијата за следните две фискални години.



Помош во развојот на младинската партнерска организација - Симбиозис 12 преку развој на биографии за членовите, помагајќи во спроведувањето апликации за младинските можности за членовите да помогнат во зголемување на нивниот професионален развој

Помагање во развој и подобрување на одржливоста на годишен камп за млади ромски девојки.

Помагање во пишувањето и спроведувањето на проект за здравствените права на жените Ромки што ќе помогне да се развијат правата за жените Ромки на национално ниво.

Општ дневен службеник и поддршка за организацијата, вклучувајќи преведување и пишување извештаи за моите колеги членови на мојата организација.

- ***Како сте задоволни од вашата волонтерска работа во НРЦ?***

Многу сум горда на односот што го воспоставив со сите во организацијата. Тие се засноваат на меѓусебно почитување што го покажува нашето меѓусебно комуницирање.

- ***Што би сметале за најпозитивно искуство во вашата волонтерска работа во организацијата?***

Еден од најголемите успеси што ги доживеав досега беше Денот на гордоста на Ромите. Овој проект даде пример како му помагам на моите колеги. Денот на гордоста на Ромите беше настан што мојата организација го создаде како прослава на идентитетот, самодовербата и достоинството на Ромите. За проектот, учениците од основните и средните училишта и нивните наставници го поминаа денот учејќи за стереотипите, дискриминацијата и културата, како и начините да ги зближат луѓето во нивните заедници. Овој настан беше успешен затоа што Ромите се најмаргинализирана група во земјата во која работам. Градот во кој живеам има второпласирана популација на Роми во земјата, и пред да започнам да работам со мојата организација, ми беше кажано дека со ромските организации е најтешко да се работи. Успешното завршување на овој проект ги уништи сите предрасуди што ги слушнав за ромската заедница. Овој проект постигна мултиетничка соработка за прослава на различноста и еднаквоста, и да се направи сето тоа со членовите на мојата заедница беше најголемиот успех што можев да го замислам.

- **Кои се вашите предизвици да извршите волонтерска работа?**

Јас секогаш имам внатрешен предизвик да се осигурам дека правам доволно за мојата организација и да се осигурам дека тие се свесни за почитта и восхитот што ги имам за нив затоа што тие секогаш се трудат најдобро да ги исполнат обврските да се чувствувам прифатен и тие дадоа повеќе во моја услуга отколку што можам да се надевам дека ќе им ги вратам.

Ова го решавам знаејќи дека додека постојано се обидувам да ја покажам мојата благодарност за моите колеги и знаејќи дека ова ќе покаже колку ги ценам.





- **Arthur Resve - волонтер од Франција**




# НАШИТЕ УСПЕСИ

**Во изминатите 15 години од своето постоење, НРЦ има спроведено широка палета на успешни активности во следниве клучни области:**

- **Истражување; креирање и одржување на бази на податоци од различни области, кои го покриваат полето на работа и целните групи на кои се фокусира НРЦ,**
- **Застапување и учество во процесите на креирање на политики, кои ги засегаат социјално-ранливите групи на граѓани,**
- **Членство во меѓународни организации, вмрежување и соработка со меѓународни и домашни организации и лица, кои се застапници на вредностите што ги промовира и застапува НРЦ.**

До 2020 г. НРЦ има реализирано над 60 проекти во кои биле вклучени во просек по 10.000 граѓани годишно. Освен тоа во рамките на проектите НРЦ има дадено 18 под-грантови во вкупен износ од 100.000 МКД.

***Во период 2005-2019 г. НРЦ има имплементирано активности во вкупна вредност од 215.904.084 ден. преку средства овозможени од вкупно 35 донатори.***

***Од севкупните средства вкупно 176.065.582 се распределени на исполнување на стратешките приоритети и тоа на следниов начин:***

- ***Владеење на правото: 73.280.488 ден***
- ***Домување: 37.356.706 ден***
- ***Образование: 48.509.477 ден***
- ***Здравство: 16.918.911 ден***

Работејќи на зајакнување на ромското и неромско население во државата, но и на други ранливи групи на граѓани, НРЦ ги има насочено своите заложби кон промена на практиките и политиките на локално и национално ниво.

НРЦ е една од ретките организации во државата кои подеднакво успешно работат на давање услуги и застапување. Токму преку давањето услуги НРЦ од една страна ги задоволува потребите на граѓаните, а од друга страна одржува близок контакт со нив што на организацијата ѝ овозможува од поблиску да ги согледаат нивните секојдневни проблеми и потреби. Тоа ја прави организацијата уште подобро квалификувана за застапување на тие потреби и адресирање на тие прашања на повисоко национално ниво.





## Дали знаевте дека со помош на НРЦ...

## 2015

- Вклучија ромски образовни медијатори во основно образование со што беше овозможен пристап до образование за децата Роми кои спаѓаат во ранливите категории. Медијаторите им помогнаа на децата во целиот образовен процес – ги идентификуваа децата кои имаа потреба од помош, воспоставија врска меѓу родителите и училиштето, се грижеа околу тоа дали децата редовно ја следат наставата. Како резултат на ангажирањето на медијаторите беше постигнато подобрување и во присутноста на ромските деца и во нивниот успех на училиште
- Направија измени на Законот за бесплатна правна помош, во насока на вклучување на семејните односи, личните односи статусните односи; воведување на двостепеност на постапката за обезбедување на бесплатна правна помош
- Се направија измени и дополнувања на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, за поголема заштита на подносителите на барање за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти;
- Прифатија предлози во областа на домување, легализација на бесправни објекти и приватизација на градежно земјиште, продолжување на рок за доставување на службено барање до советот, промена на Правилникот за формата и содржината на решението за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект.



# 2016

- Во Програма за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2016 година, додадени се мерки за зајакнување на пристапот до антенатална здравствена заштита за ранливи групи на жени во репродуктивен период
- Организираше долгорочна кампања со Министерство за правда за промоција на БПП и мерење на ефективноста
- Изготвија 10 препораки за пристап до образование и стипендии на ниво на општина Куманово
- Во рамки на проектот Подобрување на учеството на (по)малите заедници на локално ниво кој се имплементирал во период 2016-2017 година со поддршка на ЕУ, од 5 изготвени политики, советот на општина Прилеп и советот на општина Тетово ги усвои локалните стратегии и акциони планови за промоција на учество на Роми и други помали заедници



# 2017

- НРЦ учествуваше на јавната дебата за нацрт амандмани на Законот за бесплатна правна помош



# 2018

- НРЦ беше дел од застапувањето за елиминирање на некои од даноците за ГО. Со Законот за персонален данок на доход од 2018 година, такси за сместување, храна и превоз за лица кои учествуваат на настани организирани од ГО, утврдени со Законот за здруженија и фондации, беа ослободени од данок на доход
- Државните институции не беа подготвени да се занимаваат со сложени случаи на регулирање на граѓанскиот статус или запишување во матичната книга на родени во некои случаи поради правни празнини во некои случаи, поради различно значење на превод на законски одредби. Застапувањето на НРЦ даде увид во различни практики во спроведувањето на различните закони или ситуации на пропуст за спроведување на законот, и голем дел од оваа практика е променет.

*Градење на капацитети на граѓански организации*

- *18 здруженија добија под-грантови за реализација на иницијативи на локално ниво (финансиска поддршка во вкупен износ од 100.000 евра)*
- *25 обуки одржани за 120 учесници од граѓански организации од 5 региони*
- *НРЦ има спроведено 7 обуки за градење на капацитетите за застапување на 5 локални организации. Покрај обуките, НРЦ ги има вклучено локалните организации во спроведување на активности за застапување како на пример при спроведување на теренска проценка на потребите базирано на докази.*

# ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ПРАВА НА ЖЕНИ

Жените Ромки во Република Северна Македонија немаат еднаков пристап до антенатална здравствена заштита. Во текот на 2011 год, НРЦ спроведува  темелно теренско истражување со Ромските жени и здравствените институции и документира повеќе бариери кои ги спречуваат жените Ромки да имаат достап до репродуктивните здравствени услуги вклучувајќи ја дискриминацијата од здравствените професионалци, како и незнаењето на жените Ромки кои се во репродуктивни години за нивните права на здравствена грижа. За да може да одговори на ваквите предизвици, НРЦ како втора стратешка определба ја дефинира поддршката на млади Роми кои живеат со социјален ризик да добијат пристап до високо квалитетни здравствени установи и услуги.



## Дали зн
## со по

- *спроведено е истражување за пристап до здравствена заштита на Ромк*
- *2000 жени Ромки имаат добиено поддршка за здравствени права*
- *организирани се настани и фокус групи со здравствени институции и же*
- *издадена е информативна брошура за правата на пациентите за здравст кус врз сексуалното и репродуктивното здравје*
- *изработена  е анализа  „Достапноста на здравствената заштита за вре Македонија – Дали сите жени имаат еднаков пристап?“*
- *поднесен е документ за јавни политики за еднаков пристап до антенат заштита во Република Македонија  и врз основа на документот е сменета ствена заштита*



## наевте дека
## омош на НРЦ...

и во 4 општини

ни и девојки Ромки

твена заштита, со специјален фо-

еме на бременоста во Република

ална и постнатална здравствена
а политика за антенатална здрав-



# ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

## ПРИСТАП ДО ПРАВДА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВО

Еднаквоста на луѓето и почитувањето на основните човекови права се главната нишка на она што може да се нарече ДНК на Националниот ромски центар. Токму затоа, првата стратешка определба на НРЦ се однесува на подобрување на пристапот и достапноста до правда и владеење на правото за сите луѓе, без оглед на нивниот социјален статус, етничка или верска припадност.

НРЦ е меѓу првите организации кои уште во 2011 г. кои од страна на Министерство за правда има добиено овластување за давање на бесплатна правна помош и е впишано во Регистарот на здруженија овластени за давање на БПП кој се води во Министерство за правда кое е плод на успешната соработка со Адвокатскта комора на Р.М. и Р.Р.Ц..

Во тимот на НРЦ има вработени кои секојдневно, како составен дел од својата работа, даваат информации и совети за бесплатна правна помош (БПП) како едно лице да извади лични документи, или како да извади пари од банка ако нема личен документ, како да постапат кога имаат имотно-правни прашања, Освен тоа, вработените пополнуваат барања за секундарна правна помош за оние граѓани кои ги исполнуваат условите, потоа вршат уплати, закажуваат термини за сликање во име на корисниците и ги известуваат кога треба да ги подигнат документите. Тие тоа го прават на територијата на град Куманово, во тесна соработка со подрачното одделение на Министерството за правда во Куманово, а преку локалните партнерски организации, бесплатната правна помош се пружа и во Кичево, Прилеп, Штип и Кочани.

### Дали знаевте дека со помош на НРЦ...!

- ***400 граѓани годишно добиваат примарна правна помош на територијата на Куманово, а со поддршка со локалните организации во Кичево, Прилеп, Штип и Кочани оваа бројка достигнува до1000***
- ***20 граѓани добиваат правна помош при комлетирање на барање за секундарна правна помош од нив дури 15 се одобрени***
- ***120 жени и девојки Ромки имаат добиено правна заштита од родово базирано насилство***
- ***Најмалку 3000 граѓани годишно се информираат за БПП во 6 градови***
- ***30 општински службеници и претставници на подрачните одделенија за катастар на недвижности се стекнаа со вештини како да комуницираат со ранливи категории на граѓани***



*„На Буверо кампот си поминав супер заедно со другите девојчиња Ромки и со вработените во НРЦ. На кампот научив што не треба да прифатам и за што треба да се застапувам како Ромка. Сфатив дека треба да го фокусирам мојот потенцијал не само за да постигнам еднаквост за себе, туку и за другите жени„*

*учесничка на Буверо Камп, 2019, средношколка*

Сакајќи да ги предизвика промените во свеста кај жената Ромка што е можно порано во нејзиниот развој, од 2015 до 2019 г., НРЦ има организирано специјален камп за млади девојки Ромки, со програма за медиумска обука на која девојчињата учат новинарски вештини и професионална изработка на филмови, користат иновативни технологии и различни техники, но и се запознаваат со историјата и културата на Ромите и ромскиот идентитет и си даваат меѓусебна поддршка за личен развој. До сега, се имаат одржано 5 вакви кампови на кои активно учествувале вкупно 60 млади Ромски девојки.

# АДЕКВАТНО ДОМУВАЊЕ И УРБАНИЗАЦИЈА

Едно од основните човекови права е правото на сопственост. Затоа, во НРЦ, со третата стратешка цел, НРЦ се залага и ги застапува граѓаните од ромско и неромско население , кои живеат во сиромаштија, да го остварат ова свое право и да ги подобрат своите животни стандарди.

Во петнаесетгодишното работење, НРЦ има спроведено вкупно 5 проекти за унапредување на правото за адекватно домување кај Ромите, вклучувајќи го и проектот финансиран од We Effect кој содржи компонента на домување. При тоа, создавајќи неформални коалиции со локални граѓански организации и граѓаните, НРЦ влијаеше врз политиките и донесувањето одлуки во 9 општини (Карпош, Шуто Оризари, Крива Паланка, Битола, Кочани, Штип, Куманово, Тетово и Прилеп).



## Дали знаевте дека со помош на НРЦ...!

- *Обезбедена е поддршка и правно застапување во повеќе од 2000 управни постапки за легализација на објекти и приватизација на земјиште на Роми*
- *Има повеќе од 800 легализирани ромски домови во 6 општини*
- *Подготвен е Водич за постапка за легализација*
- *Подготвени се документи за јавни политики за 6 општини*
- *Над 700 ромски домови се легализирани во период 2011-2016 година што значи најмалку три милион евра кумулативно влијание на локално ниво во 6 општини.*



# ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ, НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Својата четврта стратешка цел, НРЦ ја има насочено кон давање поддршка за вработување на ранливите граѓани кои живеат во социјален ризик, преку промовирање и обезбедување на доживотно учење и развој на претприемништво и социјално претприемништво. НРЦ, уште на самиот почеток на социјалното претприемништво во нашата држава, го препозна истото како можност Ромите по неколку основи – како ранлива категорија, тие се квалификуваат да бидат вработени во вакви претпријатија или пак да бидат нивни сопственици, но истовремено и да бидат корисници на услугите на ваквите претпријатија. Токму затоа, уште во 2015 г. , НРЦ заедно со граѓанските организации Паблик и Порака од Струга поднесе пишани коментари на предлог законот за социјално претприемништво до Министерството за труд и социјална политика. Во 2018 и 2019 г, НРЦ организираше специјализирани обуки за социјално претприемништво и им даде поддршка на две партнерски граѓански организации да формираат социјални претпријатија.

**Дали знаевте дека со помош на НРЦ...!**

- ***80 Ромки се обучија за започнување мали бизниси, 22 завршија неформално образование, 5 завршија основно образование***
- ***69 Роми од 6 градови развиле бизнис планови, 20 Роми се стекнале со вештини, знаења и сертификати за фризери и шивачи***
- ***11 Роми добиле опрема за да започнат свој бизнис или економски активности***
- ***изготвен е Водич за неформално образование и вработување за млади Роми на 5 јазици – македонски, ромски, албански, англиски и бугарски***
- ***опремени се и отворени 2 социјални претпријатија во рамки на локалните ромски организации Бела Кула во Кичево и Романо Вило во Кочани; дадена е поддршка на 20 лица со опрема за да почнат да генерираат приход, 9 жени и петмина вработени во двете организации се вклучени во работењето на овие социјални претпријатија***
- ***воспоставени се 3 центри и 3 детски катчиња за ран детски развој за реинтеграција на Ромки мигранти со 3000 корисници за 3 години***



# ЗАСТАПУВАЊЕ

НРЦ е ангажирана на локално, национално, регионално и меѓународно ниво во застапување на правата на Ромите и маргинализираните групи. НРЦ промовира и се придржува до принципите на застапување засновани на права. Преку истражување, анализа на официјални податоци, животни приказни, податоци од растечката база на податоци на НРЦ, организацијата им помага на носителите на одлуки во идентификувањето на постоечките проблеми и развивањето на ефективни решенија.

# ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

- 18 здруженија добија под-грантови за реализација на иницијативи на локално ниво (финансиска поддршка во вкупен износ од 100.000 евра)
- 25 обуки одржани за 120 учесници од граѓански организации од 5 региони
- НРЦ има спроведено 7 обуки за градење на капацитетите за застапување на 5 локални организации. Покрај обуките, НРЦ ги има вклучено локалните организации во спроведување на активности за застапување како на пример при спроведување на теренска проценка на потребите базирано на докази.





# КАКО ЗАПОЧНАВМЕ?

НРЦ е една од водечките организации во државата кои се залагаат за унапредување и заштита на правата на Ромите и на останатите ранливи групи на граѓани, активно придонесувајќи за подобрување на животни услови и социјалната вклученост. НРЦ го поттикнува пристапот до основните човекови права и се залага за конзистентност во принципот на еднаквост пред законот. Основана во 2005 г., организацијата се стреми да ги согледа во која мера националните и локалните политики опфаќаат вклучување и еднакви можности за Ромите, и како се адресираат социјалните, економските и политичките потреби и аспирации на ромската заедница.

*НРЦ зад себе има бројни постигн
вања и признанија, а пред себе и
јасна перспектива и визија за пром
што ќе продолжи да ги прави во нас
градење на праведно општество во кое
се интегрирани сите заедници на граѓан
постигнува преку посветеното работење на
од девет вработени и преку воспоставенат
соработници вклучувајќи ги и единаесет
дишни теренски асистенти во седум град
дваесет активисти за ромски прашања к
во петнаесет градови во кои има работ
во своето петнаесетгодишно работен
тоа преку изградена соработка, дов
и поддршка од донаторите.*

**Идејата за основање на организација како НРЦ се вртеше во нашите глави неколку години по ред се додека не дојде моментот за нејзино формирање. Бевме петмина истомисленици кои сметаа дека е потребно интензивно да се работи со заедницата за да согледаме каде сме, да покренеме значајни прашања, да алармираме кај државните институции за решавање на проблемите и подобрување на состојбата на Ромите. излеговме во 2005 и како граѓански активисти се здруживме и го формиравме НРЦ. Почетоците беа тешки, функциониравме речиси без технички потенцијали. Но, нашата упорност и взаемната доверба донесе до денешните резултати. Собиравме наши пари за регистрација на организацијата, одделуваме од хонорарите за да обезбедиме основни услови за работа. Не се формиравме за да ги задоволиме нашите лични потреби, туку за да ја оствариме визијата – да соработуваме со релевантни актери и да се заложуваме за активно учество и интегрирање на Ромите, засновајќи ја својата работа на начелата на модерното мултиетничко европско општество. НРЦ е производ на секојдневна работа и едукација. Мултиетничкиот тим на НРЦ се состои од граѓански активисти кои по професија новинари, професори, правници, економисти.. НРЦ ја мотивира заедницата да сфати дека самата може да си помогне ако е информирана, ако ги знае регулативите за да може да ги пренесе како наследство на своите деца. На почетокот мислевме дека ќе бидеме просечна вообичаена невладина организација, но со секојдневна посета од страна на 50 граѓани во канцеларијата, преку теренска работа, прераснавме во препознатлива организација. Често бевме разочарани, се случуваше навечер да кажеме дека не може да се решат проблемите за наутро да добиеме нова енергија за нов почеток. Сега кога имаме капацитет, имаме нов предизвик, тоа е нашиот континуиран развој и ефективно делување.**

**НРЦ успеа затоа што имаше цел – граѓаните да добијат сигурност дека нивните проблеми не само што ќе бидат ислушани, туку и дека според можностите ќе бидат решени.**



ну-
ма
ените
ока на
е активно
ни. Тоа го
а својот тим
та мрежа на
те долгого-
дови и уште
ои делуваа
тено НРЦ
ње сето
верба



# ВИЗИЈА, МИСИЈА, ВРЕДНОСТИ, СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ

Клучна цел на НРЦ е да ги поддржи ромската и нерomските граѓани за да ги остварат и уживаат нивните законски права и обврски со што ќе се постигне и исполнување на мисијата и визијата на организацијата.

## ВИЗИЈА

*Развивање на одржливо и праведно општество, во кое нема сиромашни, а функционалните права и обврски се интегрирани*

## МИСИЈА

*Преку мобилизација на луѓето и зајакнување, користејќи пристап заснован на човекови права и застапување базирано врз докази, НРЦ ги поддржува своите конституенти кон прогресивно исполнување на нивните права и одговорности*

За успешно исполнување на својата мисија и визија, НРЦ делува согласно следниве вредности и принципи коишто се споделени и од страна на вработените и од страна на членовите на управниот одбор:

- ***Зајакнување и праведна застапеност на немоќните, сиромашните, дискриминираните, без оглед на нивната етничка припадност, религија или пол***
- ***Влијание врз на политиките и носењето одлуки, за подобро денес и уживање во правата од страна на сите луѓе***
- ***Меѓусебна почит и соработка со нашите конституенти за да постигнеме заемно корисни резултати***
- ***Разновидност значи моќ и сила што нѐ зближува***



НРЦ ги застапува следниве принципи:

- ***Недискриминација и еднакви можности***
- ***Пристап заснован на човекови права***
- ***Социјално вклучување***
- ***Застапување засновано врз докази***
- ***Родова еднаквост***
- ***Транспарентност и одговорност***
- ***Охрабрување***
- ***Соработка и вмрежување***



Во насока на поставување на релевантни стратешки определби НРЦ користи широка гама на методи за навремено детектирање на потребите на Ромите и останатите граѓани, базирајќи се пред се на искуството што го има стекнато низ годините, како и изградените капацитети за спроведување на детална анализа и проценка на потребите. Со цел да одговори на горенаведените детектирани проблеми, НРЦ се фокусира на исполнување на следниве стратешки определби:

- ***Пристап до правда и владеење на правото***
- ***Пристап до висококвалитетни здравствени услуги и капацитети***
- ***Соодветни животни услови***
- ***Вработување, социјално претприемништво и доживотно учење***

Паралелно со секоја од горенаведените определби, НРЦ во своето делување се фокусира и на прашањето на еднакви можности за развој и правичност на сите граѓани а што се одразува не само преку вклученост на жените во проектните активности, туку и преку нивна вклученост како дел од тимот на извршната канцеларија (од вкупно 9 вработени лица 6 се жени) и како дел од составот на управниот одбор (од вкупно 5 членови на управниот одбор 3 се жени).

# ОВА СМЕ НИЕ

Највисоко тело за одлучување во НРЦ е Собранието кое се состанува на годишно ниво. Собранието ја донесува годишната програма за работа и го одобрува годишниот наративен и финансиски извештај од претходната година. Следен во хиерархијата е Управниот одбор (УО) на НРЦ, составен од пет члена кои го следат раководењето со организацијата и исполнувањето на нејзините стратешки цели. УО го одобрува стратешкиот план на НРЦ и одржува редовна комуникација и со извршната канцеларија т.е. извршниот директор, Управениот одбор составен 2 странски државјани и 3 државјани на Р.С.М.




Извршната канцеларија на НРЦ е составена од два оддела:

- **Оддел за правна програма и застапување:**

**овој оддел е одговорен за програмското работење и залагање на квалитет на услуги, како и поставување и исполнување на стратешките приоритети, политика за управување со човечки ресурси, прибирање средства и пишување предлог проекти.**






- **Оддел за финансии и администрација: овој оддел е одговорен за точно, ефикасно и ефективно, административно, финансиско и помошно-техничко функционирање на организацијата, како и за континуирано одржување на веб страницата.**

Со извршната канцеларија раководи извршниот директор кој е одговорен за успешно постигнување на поставените стратешки цели, спроведување на планираните активности и севкупното оперативно функционирање на организацијата со континуирана соработка со раководители на одделите и координатори на проекти.

# ПРОФИЛИ НА ВРАБОТЕНИТЕ



Јас сум Ашмет Елезовски, и сум еден од петмината основачи на НРЦ. По професија сум физиотерапевт и имам додипломски студии по менаџмент, но интересот и склоноста кон новинарството предодредија првото работно искуство да ми биде како новинар и дописник на ромски јазик, за неколку куќи, вклучувајќи ја и најголемата ромска информативна агенција во Хамбург Romnews. Во 1997 година, учествувајќи на меѓународна конференција за ромски новинари и медиуми со поддршка на Фондацијата ФООМ Македонија а во организација на Ромска иницијативна програма во Будимпешта започна моето активно секојдневно делување во граѓанското движење и активизам до ден денес. Среќно сум оженет и сум татко на три деца две ќерки и син од кои двајца се со завршено високо образование и ученик со средно училиште. Според мене, животот е предизвик а најголема филозофија е да имаш среќен брак, семејство и пријатели.



Во моментов ја имам позицијата на извршен директор, а довербата за оваа позиција ја добив од Управниот Одбор и члeновите на собранието, пред се заради одговорноста, позитивниот пример и тимското работење, како и комуникативноста.

Она што е најголемо постигнување за мене е тоа што НРЦ постои и функционира 15 години. За ова време, поддржавме повеќе од 2000 Ромски деца да завршат основно, средно па и а високо образование, поттикнавме десетици храбри Ромки жени да се застапуваат активно за нивните права и правата на нивните деца, ја претставувавме а Македонија на значајни меѓународни собири во Европа и Африка. Сепак, можеби најдраг успех ми се 1500те легализирани ромски домови, и легално вработување на 500 Роми во европските земји.

Сепак, болка и проблем е и понатаму нетолеранцијата, дискриминацијата во развиена форма на расизам и големата сиромаштија или живот во беда. Сеуште сме немоќни по оваа прашање.

Она што ме прави горд е почитта која ја добиваме од граѓаните, донаторите, претставниците на институции, амбасадорите. Тоа што нè препознаваат и нè спомнуваат во своите извештаи за напредок на Македонија за влез во ЕУ.

Вистински поттик за работа ми дава семејството – тоа што моите родители направија сè за јас да се едуцирам, како и мојата сопруга која, додека јас бев посветен на НРЦ, ги порасна нашите деца – и сите завршија високо образование.

Во овие 15 години со НРЦ си разменивме многу нешта – јас ги дадов своето време и знаење, НРЦ ми даде храброст, финансиска сигурност, искуство и познанства во Европа и светот – и уште едно семејство, а тоа е тимот на НРЦ.



Јас сум Славица Ќурчинска, сопруга и мајка на 15-годишна ќерка и 11-годишен син. Имам завршено студии по новинарство и во периодот од 1995 до 2001 г. работев како новинар во локални медиуми во Куманово. Во 2019 г. се запишав на студии по економија, оддел финансии и кредит.

Јас сум во НРЦ од 2005 година, како еден од основачите. Почнав да работам како проектен асистент, со дополнително задолжение во поглед на видливоста на организацијата. Сега работам како Раководител на одделот за администрација и финансии.

НРЦ за мене е нешто повеќе од извор на заработка, пред се затоа што учествував во неговото формирање, знам како и од што почнавме, колку мачно го изградивме и затоа сум емотивна кога размислувам за мојата работа и сакам да продолжи во подобра насока. Со дел од луѓето работам и комуницирам повеќе од 15 години.

Не би можела да кажам дека имам лични достигнувања, затоа што најчесто работите ги правиме тимски и не ги чувствувам како свои, туку како наши. Она што ми прави задоволство е креирањето на софтвер за финансии, што во поголем дел го осмислив и кој дополнително ќе биде ставен во функција.

Во секоја работа на почетокот си ентузијаст и веруваш дека можеш да направиш многу големи нешта и промени. И дефинитивно во НРЦ сфатив дека тоа е можно. Но, сфатив и дека сето тоа е можно само доколку меѓусебно силно си веруваме едни на други и на идејата што не води.

Она што ме прави особено горда како вработена во НРЦ е имиџот што успеавме да го создадеме – имиџ на вредни, успешни и чесни луѓе. Чесноста и искреноста се мојата ѕвезда водилка во работата. Се додека ја чувствувам околу себе ќе останам таму каде што сум.

Во работата вложувам голем дел од моето време и потенцијал. За возврат, изминатите 15 години беа прекрасен период исполнет со динамична работа и разновидни активности. Добив можности за дополнителна едукација, усовршување во области што ми биле интересни и корисни, ми даде можност да запознам многу добри и умни луѓе од кои учев многу.

Јас сум Љатиф Демировски – сопруг, татко на три деца и дедо на девет внуци. Во НРЦ сум од самото основање на организацијата. Работам како благајник, а претходно ја водев канцеларијата за бесплатна правна помош во соработка со Адвокатската комора на РСМ. Исто така работев и на терен со граѓаните по ромските населби.

НРЦ за мене претставува сериозна ромска организација кој работите ги сфаќа сериозно со оглед на тоа што проблемите на ромите се разновидни и тешки, а државата никогаш не обрнувала доволно внимание на нив.

Се што има постигнато НРЦ се должи на заедничкиот труд на целиот тим на НРЦ. Затоа и заедно се радуваме на секој наш успех.

Она што ме прави горд е што колегите ме почитуваат затоа што сум највозрасен член на тимот. Тие го ценат секој мој совет, но и јас подеднакво ги ценам нивните совети.

Јас живеам во Ромска населба па затоа одблиску ги гледам проблемите со кои се соочуваат Ромите. Тоа ме поттикнува уште повеќе да се ангажирам со цел да и помогнам на мојата заедница.

Преку мојата работа придонесувам за успесите на НРЦ и промените во заедницата, а за возврат ја уживам почитта и довербата што ми е искажана во организацијата, во пошироката заедница и кај институциите во државата.

Јас сум Ќани Мустафовски. Имам завршено средно хемиско училиште, а во НРЦ сум од 2005 г. Започнав како волонтер, а денес сум на позиција на финансиско-административен асистент.

Работам во НРЦ затоа што искрено верувам во идеалите на хуманизмот. Верувам дека заедно може да постигнеме големи нешта, да придонесеме кон решавање на проблемите во општеството и градењето на подобар свет.

Ниеден проблем во општеството не може веднаш да се реши. До одржливи и долготрајни решенија може да стигнеме само преку добро осмислени акции и преку континуирано делување.

НРЦ е резултат на една заедничка визија. НРЦ е место од кое можеме да дејствуваме согласно нашите уверувања и вредности. Горд сум што придонесувам за исполнување на мисијата на НРЦ. Горд сум што успевам дел од моето знаење да им о пренесам на помладите колеги и да придонесам за нивен кариерен развој.

Моја sвезда водилка во работата е самата помисла дека сето она што го правам е дел од процес кој помага во унапредување на квалитетот на животот на многумина. Верувам дека во иднина ќе давам уште повеќе од себе за да придонесам во тој процес.



Јас сум Катерина Шојиќ, дипломиран правник на Правниот Факултет „Јустинијан Први“. Посветена сум на градење на одржливо и правично општество, подготвена секоја ситуација да ја разгледам од различен агол и да вложам дополнителни напори за постигнување на промени.

Во НРЦ сум од самото основање во 2005 г. Кратко по дипломирањето имав еден разговор со Ашмет и Славица на кој ми беше понудено да се приклучам во остварување на мисијата на организацијата. Со голем ентузијазам ја прифатив понудата.

Започнав како асистентка на правникот за бесплатна правна помош во рамките на проект поддржан од Адвокатската Комора и Комората на адвокати на САД, потоа продолжив како правник за бесплатна правна помош. Подоцна станав проектна координаторка, по што следеше унапредување на позиција на проектен менаџер. Тековно сум на позиција раководителка на правниот оддел и застапување и активно работам на повеќе области вклучувајќи стратешко планирање; планирање и супервизија на програмско и организациско работење; мониторинг и евалуација. Отвореноста кон нови искуства, подготвеноста да ги слушам другите, посветеноста и креативноста на правник кон пристапот базиран на човекови права се главните „виновници“ за мојот развој.

НРЦ за мене лично претставува успешен тим кој има направено промени во многу јавни политики за Ромите и за ранливи групи на граѓани, НРЦ е организација која со пример сведочи дека една граѓанска иницијатива придонесува кон целите за одржлив развој. Мотото на НРЦ е „интеграцијата е процес, а не настан“.

НРЦ е тим кој има постигнато многубројни успеси и успешни приказни. Горда сум за придонесот што го дадов кон градење на одговорна и отчетна организација, особено во поглед на капацитетите за стратешко застапување во над 2000 постапки за пристап до фундаментални права и регистрација на организацијата како овластено здружение за бесплатна правна помош.

Работењето во НРЦ ме научи дека посветеноста, упорноста, ентузијазмот за градење на подобро и правично општество и тимската работа прават невозможното да стане возможно.

Она што ме прави особено горда во однос на сите успеси на НРЦ во остварување на својата мисија – изводи за лица кои никогаш не биле запишани во матична книга на родени; зголемен број на Роми во образовниот процес; имотни листови за ромски домови кои со децении не биле легализирани; едуцирани граѓани и поттик заеднички да направиме промени.

Мој главен двигател е целта што ја имам пред себе. Слушајќи ги потребите на ранливите групи на граѓани, целосно ги искористувам знаењето, вештините и искуството. Можноста да ги слушнеш, видиш и согледаш од „прва рака“ потребите и проблемите на граѓаните како стартна позиција за нивно соодветно решавање е исто така драгоцена бидејќи на таа основа креираме системски решенија и политики. Кога по 2 години макотрпна работа ќе заврши една постапка за дополнителен упис на возрасно лице од 22 години кое никогаш не било запишано во матична книга на родени, тоа ние поттик да се залагаме за решавање и на други слични предмети.

Во текот на моето работење имам вложено многу труд, знаење и време за исполнување на работните задачи и мисијата на организацијата. За возврат, НРЦ ми овозможи да согледам различни перспективи, да запознам луѓе од најразлични области. Научив како да се справам со предизвиците и да придонесам за нивно надминување. Заедно поминавме 15 години – растевме, им се радувавме на успесите, споделувавме и радост и тага. Така и ќе продолжиме.

Јас сум Себихана Скендеровска, дипломиран професор по македонска книжевност со јужнословенски книжевности и македонски јазик на што, меѓу останатото се должи моето познавање на голем број јазици покрај ромскиот, вклучувајќи го и на англискиот шпанскиот и дел од јазиците што се говорат во соседните држави. Живеам со мојот партнер и верувам дека економската моќ ја прави жената независна. Исто така, длабоко верувам дека секој човек треба да ги ужива сите права.

Јас сум една од основачките на НРЦ. Во првичната структура бев координатор за млади и жени, а од 2007 г. до 2020 г. работев како координатор на здравствената програма финансирана од Фондацијата отворено општество.

За мене НРЦ претставува професионално Ромско здружение кое им дава можност на сите да ги остварат своите права и е промотор на еднаквост , отчетност и транспарентност.

Како активистка која работеше за остварување на права од сексуално и репродуктивно здравје моето најголемо достигнување се седумте истражувања кои ги имам спроведено во соработка со колегите и експертите од јавно здравје во делот на здравјето на Ромките во РСМ.

Моја ѕвезда водилка во работата ми беше вербата во тимот и заедничката работа – тоа се две нешта со кои исклучително се гордеам како вработена во НРЦ, вклучувајќи го и верувањето во ромскиот идентитет.

Знаењето и искуството што го стекнав преку работењето во НРЦ несебично го споделував и со останатите вработени и со волонтерите, со цел и тие да зајакнат како поединци и како тим.

Јас сум Фатима Рамадановска. Јас сум студент во трета година во Еуро Колеџ – отсек бизнис администрација. Во НРЦ почнав да работам во 2007 г. како волонтерка. Потоа станав асистент – теренски фасилитатор. Благодарение на знаењето што го стекнав во делот на административно и финансиско работење бев унапредена на позицијата на која се наоѓам денес - административен и финансиски менаџер.

За мене НРЦ е организација што се разликува од другите. Таа е уникатна по идеите што ги има и начинот на кој пристапува кон решавање на проблемите во заедниците и во општеството.

Како мое најголемо достигнување го сметам фактот што ми се доверени важни административно-финансиски задачи. Тоа, според мене, е одраз а довербата што организацијата ја има во мене. Мило ми е што на мене се гледа како на доверлива личност затоа што токму така и јас се доживувам себеси.

Највредната лекција на која ме научи искуството од работењето во НРЦ е дека искреноста, упорноста, поддршката и човечноста водат до позитивни исходи и уште поголеми успеси.

Неизмерно се гордеам со успешноста на повеќегодишната работа на НРЦ.

Моја ѕвезда водилка, а истовремено и личност што ми дава мотивација и ме поттикнува за работа е мојата колешка Славица Ќурчинска.

Во НРЦ го вложувам сето мое внимание и навремено ги извршувам сите работни задачи, а за возврат во НРЦ добивам можност секојдневно да се развивам и како професионалка и како личност. Тоа ми овозможува пообјективно да гледам на животот особено на оној на ромското население во другите градови. Истовремено, со тоа стекнувам уште поголема самодоверба и верба во моите сопствени капацитети.

Јас сум Ивана Маринковска, дипломиран правник со положен правосуден испит. Во НРЦ почнав да работам во 2016 г. како координатор на проектот „ Пристап до правда во Македонија“.

НРЦ е составен дел од мојот живот и работа на која се трудам професионално да и пристапам. Преку мојата работа придонесувам за постигнување на целите на НРЦ при тоа верувајќи во мотото „довербата е клуч на сите нешта“.

Се гордеам со професионалноста со која НРЦ како граѓанска организација и тим од посветени луѓе пристапува кон адресирање на предизвиците и задоволување на потребите на носителите на права.

Верувањето во подобро утре за НРЦ, за себе и околината е она што ми дава мотивација. Во она што го работам вложувам максимална енергија, а за возврат добивам скапоцено искуство и знаење.

Јас сум Александра Трајановска, дипломиран правник и магистер по деловно право. Во март 2016 г. бев ангажирана во НРЦ како практикант, а еден месец подоцна се вработив како проектен координатор.

НРЦ е организација која несебично се вложува во јакнење на капацитетите на своите конституенти со цел остварување на нивните права и обврски. Исто така, НРЦ им дава шанса и поттик на своите вработени за професионално усовршување.

Во текот на моето пет годишно работење во НРЦ, координирајќи неколку различни проекти, имав можност да ги надградам моите знаења и да ги усовршам вештините не само во областа на проектното работење, туку и за работа на предмети од низа области вклучувајќи го домувањето, дискриминацијата и унапредувањето на правата на жената Ромка.

Највредната лекција на која ме научи искуството во НРЦ е дека посветеноста, истрајноста, упорноста, ентузијазмот и професионалната комуникација во работењето водат кон постигнување на успешни резултати.

Она што ме прави особено горда како вработена во НРЦ е тоа што работам во транспарентна, одговорна и инклузивна организација која веќе долги години работи во унапредување на правата на социјално ранливи лица и при тоа обезбедува одлични услуги во повеќе сфери на работење.

Вистински поттик за работа ми дава верувањето дека сите луѓе се еднакви пред законот и сите треба да ги уживаат истите права и обврски како еднакви во општеството.

НРЦ не само што ми ја дада првата можност за вработување, туку ми даде и поддршка, поттик и можност за напредување и понатамошно усовршување. За возврат, јас во работата ја вложувам сета моја посветеност, искреност и истрајност почитувајќи ги и на професионална и на приватна база и вработените и ангажираните лица и соработници на НРЦ.

Јас сум Катерина Бојковска и сум магистер по право, а во НРЦ почнав да работам во 2017 г. кога бев ангажирана како правник во проект кој се реализираше во рамките на поддршката за легализација на ромското домување..

За мене лично НРЦ е организација која се развива како застапник и поддржувач на развојот на општеството каде што сите луѓе се еднакви и имаат еднакви можности да уживаат во слободите и правата. Застапник и поддржувач на ромската популација во Македонија, како и на сите групи во заедницата кои живеат во социјален ризик. НРЦ е инклузивна организација која се стреми да ги задоволи интересите и правата на своите конституенти со градење на интернационални мрежи и групи за поддршка, со заземање на место на масата на националното и локално владеење за застапување на правата и интересите на оние кои од тоа имаат потреба, со работење на терен за да се зајакнат луѓето преку насочување и едуцирање за нивните права кои им се загарантирани со закон.

Она што го научив во НРЦ е дека сите луѓе се еднакви и имаат еднакви можности да уживаат во правата загарантирани со закон.

Она што ме води во НРЦ е фактот дека НРЦ го промовира пристапот на луѓето до фундаментални права и се залага за доследност во принципот на еднаквост пред законот кога легитимните права се засегнати.

НРЦ ми даде можност да ги докажам своите способности, знаења и вештини, можност да го надградам моето знаење и искуство, а воедно и можност за натамошно учење и усовршување.






















ДРАМАТИЧЕН ТЕАТЪР




СТОП
СТЕРЕОТИПИ














































процес
цвет
можност
дом
бред

Благодарност за поддршката во изминатите 15 години

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

WE EFFECT